

# МАЈА ЃОКИЌ

Самостојната изложба на младата и даровита сликарка Маја Ѓокиќ, која многумина милуваат да ја наречат "нова" Надежда Петровиќ, за сегашната ликовна ситуација во нашето потесно па и пошироко опкружување е значаен настан имајќи ја предвид пред се естетската припадност на нејзиниот творечки опус, но и фактот што нејзиното претставување пред македонската културна јавност е уште една можност за обновување на некогашната мошне блиска, динамична, непосредна и взаемна соработка помеѓу двете соседни земји, кои до пред десетина години припаѓаа на ист културен простор. Познатите настани на дезинтеграција придонесоа за извесно запоставување на тие процеси, но комуникацијата, контактите, пријателските односи и воспоставени трајни врски не згаснаа целосно. Голем е бројот на автори од Србија и Црна Гора (и тоа не само од областа на ликовната уметност) кои по разни поводи присуствувале во нашата земја и имале самостојни или пак учествувале на значајни меѓународни изложби и ликовни колонии. Се разбира и обратно. Голем број на македонски творци во изминатиот период успешно се претставувале на некогашната југословенска сцена (а и ден денес во Србија и Црна Гора), биле забележувани, високо вреднувани и почитувани.

Маја Ѓокиќ е авторка преку чија самостојна изложба уште повеќе се зацврстуваат воспоставените трајни облици за соработка, културен дијалог, презентација и можност за согледи за случувањата во ликовната уметност, избегнувајќи ја вешто опасноста од самоизолација. Очигледен пример за негување на определбата за целосна отвореност и пружање можност за претставување на одделни појави во актуелната ликовна продукција на автори од двете средини е токму и конкретниот настан. Уште поважно е што авторката доаѓа од средина која за наши услови се уште претставува извесна мега ликовна сцена со бројни случувања меѓу кои и со меѓународно значење.

Првичната средба со творештвото на Маја Ѓокиќ, дури и за оние кои немаат претходни сознанија за нејзиниот сликарски опус, ќе биде сосема доволен показател, особено во ова време на поместување на естетските принципи, дека всушност станува збор за опус на мошне необична, по многу нешта карактеристична, изненадувачки свежа и вистинска сликарска творечка физиономија со изграден уметнички идиом и нагласени индивидуални белези. Целосно свесна за актуелната филозофија на творечкото его и евидентниот катадневен обид да се излезе од слепиот сокак во кој се прпелка ликовната и визуелната мисла денес, вклучувајќи ја тука и ефемерноста на некои постоечки тенденции кои го изместија дискурсот на вредносни аршини, Маја Ѓокиќ се определи сепак искрено, можеби и малку носталгично да се потпре на проверени и трајни вредносни квалитативи приклонувајќи се кон еден вид постимпресионистичка обнова на сликата. Очигледниот раскошен, темпераментен, импулсивен и колористички интензивен сликарски ракопис диктиран од нејзината немирна креативна и лична природа, создава изрази кои кореспондираат со поднебјето и природниот амбиент на непосреден начин преферирајќи нејзиното ликовно кредо исцело да се препушти на интензивна пулсација на медитеранската сензуалност. Нејзиниот израз со сиот занес ја потенцира вредноста на бојата и сончевината, хармонизирана со треперливи варијации на звучни светлосни ефекти и спротивставени студени тонови во перманентната избалансирана игра на вибрантна снажна, енергична и слоевита постапка.

Според препознатливата, стрпливо изградена творечка физиономија, а уште повеќе според веќе остварените резултати од досегашниот опус, нема сомнение дека Маја Ѓокиќ, согласно нејзината младост и творечки потенцијали, е авторка од која со право ќе се очекуваат уште поголеми остварувања.

Гоце Божурски



Родена 1971 во Белград , СЦГ. Дипломирала во 1996 год. на Факултетот за ликовна уметност во Белград на одделот сликарство кај проф. Милица Стевановиќ. Постдипломски студии кај истиот професор завршила во 1999 год. член на УЛУС од 1997. Статус слободен уметник добила во 2000 год.


**Адреса**: " Гандиева " 189 / 23,
11070 Нови Београд
Србија и Црна Гора
**Тел**: ++381+11/160 - 888
**Моб. Тел**: ++381+63/7783 - 384
**E - mail**: majadjokic@bonbon.net


САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ :

1997 - Галерија " Палета " КЦБ , Белград
1999 - Норвешка резиденција - Белград
1999 - Галерија ФЛУ - Белград
2000 - Излози ФЛУ - Белград
2000 - Народен музеј, Крагуевац - Мал ликовен салон
2000 - Дом на револуцијата - Пријепоље
2000 - Галерија " Мадам " - Панчево
2000 - Изложбен салон " 77 " - Ниш
2001 - Народен музеј - Пожаревац
2001 - Народен музеј " Божидар Аџија " - Белград
2003 - Галерија " Коларца " - Белград

Учесник на преку 60 групни изложби во земјата и странство, како и на голем број сликарски колонии.

НАГРАДИ :

- Откупна награда за мозаик на ЈИК Банка - 1995 год.
- II награда на подунавска ликовна колонија - 1997 год.
- награда на подунавска ликовна колонија - 2001 год.
- Награда за сликарство, XX Октомвриски салон - 2002 год.







1. **Крошна 1** 70 x 66 см. 1998 г.; 2. **Крошна 2** 70 x 66 см. 1998 г.; 3. **Крошна 3** 63 x 63 см. 1999 г.; 4. **Лисје** 48 x 43 см. 1996 г.; 5. **Црвено лисје** 80 x 65 см. 1997 г.; 6. **Градина - 1** 116 x 87,5 см. 1998 г.; 7. **Градина - 2** 117 x 88 см. 2002 г.; 8. **Градина - 3** 120 x 100 см. 2003 г.; 9. **Градина - 4** 34 x 34 см. 2001 г.; 10. **Градина - 5** 45 x 45 см. 2003 г.; 11. **Цреши** 100 x 80 см. 2003 г.; 12. **Пат** 60 x 90 см. 2003 г.; 13. **Мотив од Фрушка Гора** 63 x 35 см. 2001 г.; 14. **Сончогледи** 70 x 60 см. 2002 г.; 15. **Сончоглед** 70 x 100 см. 2003 г. ; 16. **Зимски покриви** 60 x 80 см. 2003 г.; 17. **Покриви - 1** 80 x 100 см. 2003 г. 18. **Покриви - 2** 100 x 70 см. 2003 г.; 19. **Покриви - 3** 50 x 45 см. 2003 г.; 20. **Покриви на градот - 1** 60 x 90 см. 2003 г.; 21. **Покриви на градот - 2** 70 x 60 см. 2003 г.; 22. **Покриви на градот - 3** 80 x 70 см. 2003 г.; 23. **Покриви на градот - 4** 65 x 50 см. 2003 г.; 24. **Мотив од Петровец** 60 x 50 см. 2003 г.; 25. **Од приморјето - 1** 30 x 40 см. 2003 г.; 26. **Од приморјето - 2** 30 x 37 см. 2001 г.

Министерство за култура на РМ

Завод, Музеј и Галерија - Битола

Февруари 2004

Културно - информативен центар - Скопје

Март 2004

Издавач: Завод, Музеј и галерија - Битола; директор: Валентин Соклевски; Предговор: Гоце Божурски; Кустос: Лилјана Христова; Дизајн Владо Ѓоревски; компјутерска подготовка: Жико Калпаковски; Печати "Вали" - Битола